РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ
ЦАРИНСКА УПРАВА

01.30.33.УП.005.01

# УПАТСТВО
# ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ИЗВОЗНА ПОСТАПКА СО ПРИМЕНА НА СОЦДАД

Мај 2019

# Историја на документ

| Издание | Датум на издание | Опис | Направени промени | |
|---|---|---|---|---|
| | | | Опис на промената | Променети страници/ точки/глави |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| 01 | 30-05-2019 | Прво издание | / | / |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |

Врз основа на член 7 став 4 од Законот за Царинската управа („Сл.весник на РМ" бр.46/04, 81/05, 107/07, 103/08, 64/09, 105/09, 48/10, 158/10, 53/11, 113/12, 43/14, 167/14, 33/15, 61/15, 129/15, 23/16, 120/18 и 248/18), директорот на Царинската управа на Република Северна Македонија донесе

# УПАТСТВО ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ИЗВОЗНА ПОСТАПКА СО ПРИМЕНА НА СОЦДАД

## I. Општи одредби

1. Со ова упатство се уредуваат обврските и постапките кои ги преземаат царинските службеници од царинската испостава за извоз и царинската испостава на излез при спроведување на извозната постапка со примена на Системот за обработка на царински декларации и акцизни документи (во понатамошниот текст: СОЦДАД).

2. Предмет на уредување на ова упатство е извозната постапка во редовна и поедноставена постапка.

3. Електронската декларација за извозна постапка е задолжителна, додека хартиените декларации се применуваат само кога стоката ја извезуваат патници кои немаат директен пристап до СОЦДАД или во случај на примена на резервна постапка.

4. Поднесувањето на извозната декларација и извршувањето на формалностите во извозната постапка, задолжително се врши со употребата на техника за електронска обработка на податоци, при што своерачните потписи на економските оператори се заменуваат со дигитален потпис.[1]

5. Извозните формалности се спроведуваат, но не се смета дека се спроведува извозна постапка за стока која се става во постапка на извоз за облагородување,

[1] За да можат економските оператори да поднесуваат извозни декларации и да ги извршуваат формалностите со користење на СОЦДАД претходно мора да им се одобри пристап до СОЦДАД. Одобрувањето на пристапот , подетално е опишан во Прирачникот за начинот, постапката и условите за одобрување на пристап до Системот за обработка на царински декларации и акцизни доиументи (СОЦДАД)

стока која повторно се извезува и стока која се испорачува за снабдување на воздухоплови.

## II. Употребени поими и дефиниции

### II.1. Основни поими

6. Поимите и дефинициите во ова упатство го имаат следното значење:
   - СОЦДАД е компјутерски систем составен од повеќе модули, од кои модулот за извоз служи за размена на електронски пораки помеѓу економските оператори и надлежните царински органи, како и помеѓу самите царински органи, при споведување на извозните формалности;
   - Извозник е лице во чие име е поднесена извозна декларација и кое е сопственик на стоката или има слични права за располагање со неа во моментот на прифаќање на декларацијата. Кога сопственоста или слични права на располагање припаѓаат на лице со седиште надвор од Република Северна Македонија согласно договорот на основа на кој е заснован извозот, извозникот се смета за договорна страна со седиште во Република Северна Македонија;
   - Извозен придружен документ (во понатамошниот текст: ИПД) е документ кој ја придружува стоката и кој е испечатен од модулот за извоз во СОЦДАД врз основа на податоците од електронската извозна декларација. Во случај на извозна постапка со повеќе наименуванија се печати Список на наименуванија за извоз кој се употребува заедно со ИПД;
   - Царинска испостава за извоз е царинската испостава каде се прифаќаат декларациите за ставање на стоката во извозна постапка;
   - Царинска испостава на излез е царинската испостава каде стоката треба да се стави на увид со цел да се заврши извозната постапка;
   - Имател на одобрение за поедноставена постапка за локално царинење при извоз е лице кое има одобрение да става стока во извозна постапка во неговите простории или на било кои други определени места, без ставање на стоката на увид на царинската испостава за извоз;
   - Имател на одобрение за поедноставено декларирање при извоз е лице на кое му е одобрено поднесување на комерцијален или административен документ наместо извозна царинска деларација согласно условите утврдени во одобрението издадено од страна на Царинската управа;
   - Одобрена локација е локацијата на која стоката се става на увид при употреба на поедноставена постапка - локално царинење при извоз,

согласно условите утврдени во одобрението издадено од страна на Царинската управа;

– Прифатена локација е локацијата каде стоката може да се стави на увид на надлежниот царински орган при употреба на редовната извозна постапка, надвор од работните простории и места на кои вообичаено стоката се става на увид на надлежниот царински орган;
– Локален референтен број е бројот под кој извозната декларација е поднесена во модулот за извоз во СОЦДАД од страна на декларантот или од страна на неговиот застапник (во понатамошниот текст: ЛРБ);
– Референтен број на движење е бројот на извозната декларација доделен од модулот за извоз во СОЦДАД (во понатамошниот текст: РБД).

## II.2. Статус на извозната декларација

7. Во царинската испостава за извоз, извозната декларација може да има еден од следните статуси:
   - Поднесена;
   - Прифатена;
   - Постапка за контрола;
   - Се чека барање за измена;
   - Во измена по контрола;
   - Постапка за пуштање;
   - Неактивна;
   - Барање за пуштање;
   - Не се пушта во извоз;
   - Постапка за измена;
   - Стоката е ослободена за извоз;
   - Извозот е стопиран, неусогласености на излез;
   - Извезена;
   - Поништена;
   - Пренапатување прифатено;
   - Барање за потврдување на излезот.

8. Во царинската испостава на излез, извозната декларација може да има еден од следните статуси:
   - Запис за очекуван извоз (AER ) креиран;
   - Запис за очекуван извоз (AER) побаран;
   - Запис за очекуван извоз (AER) поништен;
   - Пренапатување отфрлено;
   - Пристигнато на друго место;

- Стоката е ставена на увид на излез;
- Стоката е спремна да се пушти;
- Постапка за контрола;
- Стока за чување;
- Стока за непосредно пуштање;
- Стока за непосредно пуштање (делумно);
- Делумен излез;
- Не е дозволен излез на стоката;
- Излезена.

## III. Постапка кај царинската испостава за извоз

### III.1. Поднесување и прием на извозната декларација

9. Извозната декларација, со која се бара изнесување на домашна стока од царинското подрачје, се поднесува кај царинската испостава за извоз надлежна за надзор на местото каде што извозникот е регистриран или на местото каде што се врши пакување или натовар на стоката за извоз. Извозник е лицето во чие име е поднесена извозната декларација и кој е сопственик на стоката или има слични права за располагање со стоката во моментот на прифаќање на декларацијата.

10. Во случаите во коишто се вклучени поддоговарачи, извозната декларација може исто така да биде поднесена кај царинската испостава одговорна за местото каде што е регистриран поддоговарачот.

11. Кога, од административни причини, не е можно да се примени точката 9 или 10 од ова упатство, декларацијата може да се поднесе кај било кој царински орган кој е одговорен за предметната операција.

12. Кога има посебно оправдани и образложени причини, извозната декларација може да се поднесе и кај царински орган различен од оној наведен во точките 9, 10 и 11 од ова упатство.

13. За стока која не е предмет на ограничувања или забрани и чија вредност не е поголема од 3.000 ЕВРА во денарска противвредност, по пратка и по декларант, извозната декларација може да се поднесе кај царинската испостава на излез.

14. Усната царинска декларација за извоз се поднесува кај царинската испостава на излез преку која стоката го напушта царинското подрачје.

15. Декларантот ја поднесува извозната декларација со електронска порака (IE515). Тој е одговорен за точноста на податоците, веродостојноста на приложените документи и почитувањето на прописите кои се однесуваат за ставање на стоката во извозна постапка.

16. Модулот за извоз во СОЦДАД автоматски проверува дали поднесената царинска декларација е во согласност со дефинираните правила и услови. Доколку декларацијата е неисправна или непотполна, СОЦДАД автоматски ја одбива, а деклараното се известува за причината за одбивање на истата (IE516).

17. Доколку декларацијата е во согласност со дефинираните правила и услови истата во СОЦДАД го добива статусот „Поднесена". Декларантот се известува дека декларацијата е формално исправна (IE928).

18. По ставањето на стоката на увид на царинската испостава за извоз, декларантот до контролорот во царинската испостава за извоз, може да достави 01.30.33.УП.005.01-ОБ.01.01 - Известување за поднесена извозна декларација во СОЦДАД - Редовна постапка, заедно со сите придружни документи наведени во рубрика 44 од декларацијата или да го извести контролорот за ЛРБ на поднесената декларација на друг соодветен начин (на пример, достава на ЛРБ испишан на хартија).

19. Контролорот ја наоѓа поднесената декларација по нејзиниот ЛРБ помеѓу другите декларации со статус „Поднесени" и ако стоката и сите придружни документи наведени во рубрика 44 од декларацијата се ставени на увид заедно со стоката, и доколку се исполнети другите потребни услови ја прифаќа декларацијата. По прифаќањето на декларацијата системот ѝ доделува РБД, спроведува анализа на ризик и испраќа известување до декларантот за доделен РБД (IE528).

20. По прифаќање на декларацијата, контролорот треба да донесе одлука дали ќе се врши проверка на декларацијата. Врз основа на резултатите од извршена анализа на ризик од страна на Системот за анализа на ризик и другите податоци кои се на располагање, контролорот може да донесе одлука да се врши проверка или пак стоката да ја пушти во извозна постапка без проверка на стоката и/или документите.

21. Доколку Системот за анализа на ризик не е достапен (пораката COM05 не е доставена во предвидениот рок), контролорот врши локална проценка на ризик и одлучува дали пратката ќе подлежи на контрола или не.

## III.2. Контрола на декларираната стока и документацијата

22. Врз основа на резултатите од извршената анализа на ризик, како и од специфичноста на случајот и одредени сознанија или по претходно добиени насоки, контролорот може да донесе одлука за контрола на стоката и/или документите. Одлуката за контрола се евидентира во системот за што се известува декларантот (IE560). По донесување на одлука за контрола, декларацијата во СОЦДАД автоматски преминува во статус „Постапка за контрола". Стоката се пушта без контрола доколку ниту Системот за анализа на ризик ниту царинскиот службеник врз основа на локалната проценка на ризик определиле контрола на стоката.

23. Степенот и препораките за контрола определени од Системот за анализа на ризик, задолжително се спроведуваат од страна на царинскиот службеник определен за контрола, освен во случаи кога врз основа на одредени сознанија, степенот на контрола треба да се зголеми.

24. Царинскиот службеник, заради спроведување на контролата, од СОЦДАД печати примерок од ИПД означен како КОНТРОЛЕН ПРИМЕРОК (Office copy) и Извозен контролен протокол (IE519). Наодите од контролата царинскиот службеник ги евидентира во контролниот протокол во присуство на декларантот.

25. По завршувањето на контролата на стоката и/или документите, царинскиот службеник, без одлагање, резултатите од извршената контрола ги евидентира во СОЦДАД. При евидентирањето на резултатите од контрола задолжително се евидентира и дали има потреба за измена на декларацијата и мислењето на декларантото во однос на резултатите од контрола.

26. Доколку при контролата, се откриени помали неправилности (оние кои не влијаат на пуштањето на стоката во извозна постапка), можни се следниве сценарија:
   - декларантот се согласува со наодите;
   - декларантот не се согласува со наодите и
   - декларантот не се изјаснува за наодите.

27. Доколку декларантот се согласува со наодите, а царинскиот службеник означил во системот дека е потребна измена на декларацијата, статусот на декларацијата се менувува во „Се чека барање за измена". Доколку декларантот поднесе „Барање за измена на декларацијата" (IE513) декларацијата поминува со статус „Во измена по контрола". Во оваа фаза царинскиот службеник, пред да одлучи по барањето за измена проверува дали податоците во декларацијата се изменети. Царинскиот службеник одлучува по барањето за измена на декларацијата и доколку истото го прифати може да се продолжи со понатамошна обработка на декларацијата, а доколку го одбие декларацијата останува во претходниот статус.

28. Доколку декларантот не се согласува со наодите статусот на декларацијата се менува во „Неактивна". Во ваков случај за пуштањето или не пуштањето на стоката во извозна постапка одлучува шефот на царинската испостава или од него овластено лице. Одлуката се донесува врз основа на анализа на забелешките на декларантот во однос на наодите евидентирани во Контролниот протокол. Доколку забелешките на декларантот не бидат прифатени стоката не се пушта во извозна постапка. Статусот на декларацијата се менува во „Не се пушта во извоз" кој е финален статус на декларацијата, а декларантот за истото се известува со пораката „Не се пушта во извоз" (IE551). Доколку забелешките на декларантот се прифатат се продолжува со понатамошна обработка на декларацијата.

29. Во случаите кога декларантот побарал во врска со наодите да се изјасни подоцна, статусот на декларацијата се менува во „Барање за пуштање". Во рамки на временскиот рок определен од страна на царинската испостава за извоз и дефиниран во системот, декларантот треба да се изјасни дали се сложува со наодите во Контролниот протокол. Доколку декларантот се сложува со наодите (IE554 „+") , по извршување на измените во декларацијата врз основа на поднесено барање за измена на декларација (IE513) на начин опишан во точката 27 од ова упатство или по евидентирање на измените од страна на царинскиот службеник, продолжува понатамошната обработка на декларацијата.

    Доколку декларантот не се сложува со наодите (IE554 „-") или не се изјаснил во рамки на определениот рок, постапката продолжува на начин опишан во точката 28 од ова упатство.

30. Доколку со контролата се утврдат поголеми неправилности, царинскиот службеник ги евидентира резултатите од контролата во системот со внесување

на шифрата В1 - Незадоволитено и го известува декларантот дека стоката не е пуштена во извозна постапка (IE551).

31. По извршената контрола, ако стоката се пушта во извозна постапка, резултатите од контрола се внесуваат во СОЦДАД од страна на царинскиот службеник со внесување на шифрата А1 – Задоволително. Доколку стоката се пушта во извозна постапка без контрола во системот автоматски се евидентира шифрата А2 – Се смета за задоволително. Во случај кога стоката се пушта во извозна постапка од страна на имател на одобрение за поедноставена постапка - локално царинење при извоз, истиот ја внесува шифрата А3 – Поедноставена постапка. Резултатите од контролата внесени од страна на царинскиот службеник со пораката „Запис за очекуван извоз" (IE501) се достапни и на царинската испостава на излез.

32. По евидентирање на резултатите од контрола декларацијата во СОЦДАД автоматски преминува во статус „Постапка за пуштање".

## III.3. Измена на извозната декларација

33. По прифаќање на декларацијата, па се до моментот на пуштање на стоката во извозна постапка, декларантот може да побара измена на податоци во извозната декларација преку СОЦДАД со пораката „Измена на декларација" (IE513). Одлуката за измена на декларацијата преку СОЦДАД се доставува до декларантот со пораката „Прифаќање на измена" (IE004) или со пораката „Неприфаќање на измена" (IE005).

34. Во редовна постапка одлука за прифаќање на измената ја донесува царинскиот службеник кој ја обработува предметната декларација, а во поедноставена постапка – локално царинење при извоз одлуката ја донесува СОЦДАД без интервенција од страна на царинскиот службеник.

35. СОЦДАД автоматски го одбива барањето за измена на податоци во декларацијата доколку царинскиот службеник донел одлука за преглед на стока или пак доколку стоката веќе е пуштена во извозна постапка.

## III.4. Поништување на извозната декларација

36. Царинскиот службеник може да ја поништи извозната декларација на барање на декларантот доставено со пораката „Барање за поништување на декларација" (IE514) под услов стоката да не е пуштена во извозна постапка. Одлуката на

царинскиот службеник се евидентира во СОЦДАД и се доставува до декларантот во вид на позитивна или негативна порака „Одлука за поништување" (IE509). Доколку барањето за поништување е прифатено статусот на декларацијата се менува во „Поништена" што е финален статус на декларацијата. Доколку царинската испостава за извоз го известила декларантот дека има намера да ја прегледа стоката, барањето за поништување на извозната декларација не се прифаќа пред да се изврши прегледот на стоката.

37. Во поедноставена постапка – локално царинење при извоз одлуката за поништување на декларацијата ја донесува СОЦДАД без интервенција од страна на царинскиот службеник.

38. Во исклучителни случаи царинскиот службеник може да одобри поништување на извозната декларација и по пуштање на стоката во извозна постапка врз основа на „Барање за поништување на декларација" (IE514) или на барање во хартиена форма поднесено од страна на декларантот. Во овој случај, по одобрување на барањето за поништување од страна на царинскиот службеник преку СОЦДАД, покрај известувањето до декларантот „Одлука за поништување" (IE009), автоматски се испраќа известување и до декларираната царинска испостава на излез со пораката „Известување за поништување" (IE510). Излезна испостава го потврдувува приемот на известувањето за поништување со поракта IE901 – Потврдување на прием на поништувањето. По прием на пораката „Известување за поништување" (IE510) статусот на декларацијата во царинската испостава на излез се менува во „Запис за очекуван извоз (AER) поништен" кој е финален статус на декларацијата.

39. Поништување на царинската декларација по пуштање на стоката кога стоката е декларирана во постапка за извоз или постапка за извоз за облагородување, се одобрува под услов: стоката да не го напуштила царинското подрачје; сите примероци од царинската декларација, заедно со сите други документи кои се издадени при прифаќање на царинската декларација се вратени во царинската испостава за извоз; било кои износи при извозот кои се одобрени врз основа на извозна декларација за предметната стока се вратени или надлежните органи ги презеле потребните мерки за да обезбедат дека одобрените износи нема да се исплатат и декларантот ги исполнува сите други обврски одредени од царинската испостава за извоз за да се регулира состојбата со стоката.

40. Поништувањето на декларацијата повлекува поништување на сите забелешки, отпишувања, потврди и други прилагодувања направени врз основа на извозната декларација.

41. Царинската испостава за извоз ја поништува извозната декларација по службена должност доколку царинската испостава на излез не дозволила излез на стоката поради разлики во природата на стоката која е декларирана за извоз и природата на стоката наведена во извозната декларација прифатена од извозната испостава или доколку во рок од 150 дена по пуштањето на стоката во извозна постапка е утврдено дека стоката не го напуштила царинското подрачје.

## III.5. Пуштање на стока во извозна постапка

42. По завршување на сите формалности во царинската испостава за извоз царинскиот службеник ја пушта стоката во извозна постапка, а во СОЦДАД автоматски и се доделува статус „Стоката е ослободена за извоз".

43. СОЦДАД автоматски на декларантот му испраќа порака за пуштањето на стоката во извозна постапка (IE529) и истовремено испраќа порака „Запис за очекуван извоз" (IE501) на декларираната царинска испостава на излез.

44. Царинскиот службеник го печати ИПД и му го предава на декларантот или на лице кое тој го овластил, заедно со примероците од документите кои се приложуваат кон декларацијата, а кои се наменети за декларантот. Царинскиот службеник не го потпишува и не го оверува ИПД кој треба да се приложи ја следи стоката од царинската испостава за извоз до царинската испостава на излез.

45. Царинскиот службеник печати и примерок од ИПД за царинската испостава за извоз и истиот заедно со примероците од документите кои се приложуваат кон декларацијата, а кои се наменети за царинската испостава за извоз, се архивира хронолошки според редниот број и датумот на прифаќање на декларацијата.

46. Во однос на транспортните средства и декларации, средствата за идентификција, пропишаниот правец на движење и постапката во случај на настани во текот на превозот, соодветно се применуваат одредбите од Упатството за спроведување на транзитна постапка со примена на НКТС[2].

[2] Упатството за спроведување на транзитна постапка со примена на НКТС како интерен акт е објавено во Депозитарот на документација на Царинската управа

## III.6. Пуштање на стока од страна на имател на одобрение за поедноставена постапка - локално царинење при извоз

47. Имателот на одобрение за поедноставена постапка - локално царинење при извоз ја поднесува електронската извозна декларација (IE515) во надлежната царинска испостава за извоз. Во електронската декларација задолжително се наведува шифрата „Z" – Поднесување на декларација во поедноставена постапка во рамки на член 88 став (1) точка (в) од Царинскиот закон (со запишување во евиденција) за податокот Вид на декларација – Рубрика 1/2, бројот на одобрението за поедноставена постапка – локално царинење при извоз, шифрата на одобрената локација, шифрата А3 за резултати од контрола и рокот за излез на стоката од царинското подрачје.

48. Доколку декларација е во согласност со дефинираните правила и услови во СОЦДАД и доколку податоците за поедноставената постапка наведени во точката 47 од ова упатство се точни, СОЦДАД автоматски ја прифаќа поднесената декларација и испраќа известување до декларантот за доделен РДБ (IE528).

49. По прифаќање на декларацијата, во СОЦДАД стартува тајмер за автоматско пуштање на стоката во извозна постапка. Временскиот рок во кој стоката автоматски ќе биде пуштена во извозна постапка, доколку не биде донесена одлука за контрола од страна на Системот за анализа на ризик или од страна на надлежниот царински службеник, е определен во одобрението за поедноставена постапка – локално царинење при извоз. Во рамки на редовното работно време на царинските испостави одлуката за контрола ја донесуваат надлежните царински службеници од царинската испостава за извоз во која е поднесена декларацијата, а надвор од работното време на царинските испостави одлука за контрола можат да донесат надлежните царински службеници во Дежурниот царински центар врз основа на добиени претходни насоки од страна другите организациони единици во Царинската управа, добиени во која било форма(електронска пошта, телефон, допис и слично).

50. По евидентирањетео на одлуката за контрола, независно дали истата е донесена од страна на Системот за анализа на ризик или од страна на надлежниот царинскиот службеник, тајмерот за автоматско пуштање на стоката во извозна постапка се стопира и постапката продолжува како редовна постапка, како што е објаснето во делот III.2 до III.5 од ова упатство.

51. Доколку не е донесена одлука за контрола, СОЦДАД по истек на рокот, автоматски на имателот на одобрението за поедноставена постапка – локално царинење при извоз, му ја испраќа пораката „Пуштање во извоз" (IE529) со која стоката се пушта во извозна постапка, а декларацијата е во статус „ Стоката е ослободена за извоз". Имателот на одобрението за поедноставена постапка – локално царинење при извоз го печати ИПД, го дава на превозникот и ја пушта стоката во извозна постапка.

52. За поднесените извозни декларации во СОЦАД за поедноставената постапка локално царинење при извоз декларантот нема обврска за поднесување на дополнителна декларација. Обврска за поднесување на дополнителна декларација, која може да биде од општа, периодична или рекапитулативна природа, постои само доколку извозните декларации за поедноставна постапка локано царинење при извоз биле поднесени во форма на ЕЦД, по претходно одобрување за примена на резервна постапка од страна на царинскиот орган.

### III.7. Пуштање на стока од страна на имател на одобрение за поедноставена постапка – поедноставено декларирање при извоз

53. Имателот на одобрение за поедноставена постапка – поедноставено декларирање при извоз ја поднесува електронската извозна декларација (IE515) во надлежната царинска испостава за извоз. Во електронската декларација задолжително се наведува шифрата „C" – поедноставена постапка во смисла на член 88 став (1) точка (б) од Царинскиот закон за податокот Вид на декларација – Рубрика 1/2, бројот на одобрението за поедноставена постапка – поедноставено декларирање при извоз.

54. Доколку декларација е во согласност со дефинираните правила и услови во СОЦДАД и доколку податоците за поедноставената постапка наведени во точката 53 од ова Упатство се точни, СОЦДАД автоматски ја прифаќа поднесената декларација и испраќа известување до декларантот за доделен РДБ (IE528).

55. По добивање на РБД имателот на одобрението е должен овој број да го запише на комерцијалниот или административниот документ наведен одобрението и истиот заедно со стоката и другите документи да ги стави на увид во царинскта испостава за извоз.

56. Понатамошната постапка за носење на одлуката за контрола и пуштањето на стоката во извозна постапка се спроведува на начин опишан во деловите III.2 до III.5 од ова Упатство.

57. Имателот на одобрение за поедноставена постапка – поедноставено декларирање при извоз е должен во СОЦДАД да поднесе дополнителна декларација во која е наведена шифрата „Y“ - Дополнителна декларација во рамки на поедноставена постапка наведена под C и F за податокот Вид на декларација – Рубрика 1/2. Декларацијата треба да ги опфати сите поедноставни декларации за кои е користена шифрата „C“ за вид на декларација и истата се поднесува за период и во рок наведен во одобрението за поедноставена постапка.

58. По исклучок, во зависност од видот на стоката, бројот на поедноставените декларации и специфичните карактеристики на царинската испостава за извоз и царинската испостава на излез каде што стоката се става на увид, со одобрението за поедноставено декларирање, може да се пропише евидентирање на поедноставените декларации да го врши царинската испостава за извоз во СОЦДАД или во ексел формат. И во овој случај имателот на одобрение за поедноставена постапка – поедноставено декларирање при извоз е должен да води сопствена евиденција за започнатите извозни постапки и во СОЦДАД да поднесе дополнителна декларација на начин и во рокови наведени во точка 57 од ова упатство. Доколку се одобри евидентирањето на поедноставените декларации од страна на царинската испостава за извоз во ексел формат, во одобрението детално се пропишува начинот на кој царинската испостава за извоз ќе ја извести царинската испостава на излез за евиднтираните поедноставени декларации и начинот на потврдување на излезот на стоката од царинското подрачје.

## IV. Постапка кај царинската испостава на излез

59. Царинска испостава на излез е последната царинска испостава пред стоката да го напушти царинското подрачје.

60. По исклучок на одредбите од точка 59 од ова упатство, царинска испостава на излез е:
- царинската испостава надлежна за местото каде извозникот е регистриран за стока извезена по цевководи или за електрична енергија;

- царинската испостава во која декларантот бара да се извршат излезните формалностите за стока која под единствен транспортен договор се извезува со железница, по пошта, по воздушен или воден пат;
- појдовната царинска испостава за стока која по пуштање во извоз се става во транзитна постапка.

61. Царинската испостава на излез проверува дали стоката која е ставена на увид е истоветна со декларираната, дали е во иста состојба како во моментот на прифаќање на извозната декларација и го надгледува физичкото изнесување на стоката од царинското подрачје.

62. Кога царинската испостава за извоз е истовремено и царинска испостава на излез, истата ги презема улогите на двете испостави.

63. Царинскиот службеник во царинската испостава на излез, врз основа на примена пораката „Запис за очекуван извоз" (IE501) преку СОЦДАД, ги има на увид сите податоци за стоката и има можност уште пред пристигнувањето на пратката да одлучи кои мерки да бидат преземени, дали е потребно да се врши контрола и доколку е потребно, презема подготвителни мерки.

## IV.1. Ставање на стока на увид кај декларираната царинска испостава на излез

64. Декларантот или превозникот ја известува царинската испостава на излез за пристигнување на стоката со поднесување на ИПД или со пријавување на РБД. Лицето кое ја става стоката на увид е должно да ги пријави сите несовпаѓања помеѓу стоката која е декларирана и пуштена за извоз и стоката која е ставена на увид.

65. Царинскиот службеник од царинската испостава на излез на кого му е предаден ИПД или пријавен РБД, го внесува РБД и СОЦДАД автоматски ја прикажува соодветната порака (IE501) во која се содржани податоците за извозната декларација, со цел да го евидентира пристигнувањето на стоката во царинската испостава на излез. Доколу стоката во превозното средство е опфатена со повеќе извозни декларации, постапката се повторува за секоја од нив поединечно.

66. По евидентирање на пристигнувањето на стоката, статусот на извозната декларација се менува во - Стоката е ставена на увид на излез.

## IV.2. Контрола на стоката ставена на увид кај царинската испостава на излез

67. Врз основа на резултатите од извршената анализа добиени од Системот за анализа на ризик и другите податоци кои се на располагање, царинскиот службник во царинската испостава на излез донесува одлука дали ќе се врши контрола на стоката и/или документите. Степенот на контрола определен од Системот за анализа на ризик не смее да се намали.

68. Доколку царинскиот службеник донесе одлука да не се врши контрола системот автоматски ја внесува шифрата А2 – „Се смета за задоволително" и се дозволува излез на стоката од царинското подрачје. Проверката на состојбата на пломбите, во случај кога не се врши физичка контрола на стоката исто така се евидентира со шифрата А2, под услов пломбите да не се оштетени.

69. Доколку врз основа на насоките од Системот за анализа на ризик или врз основа на локалната проценка на ризик, царинскиот службеник донесе одлука за контрола, истата се евидентира во СОЦДАД и се печати Извозен контролен протокол на излез (IE520). При контролата се проверува истоветноста на пломбите и стоката.

70. По извршување на контролата царинскиот службеник кој ја извршил контролата ги евидентира резултатите од извршената контрола во СОЦДАД.

71. Доколку при контролата не се утврдат неправилности во резултатите од контрола се внесува шифрата А1 – „Задоволително" и се дозволува излез на стоката од царинското подрачје.

72. Откако е дозволен излез на стоката, царинската испостава на излез врши надзор на нејзиното физичко изнесување од царинското подрачје.

73. Доколку лицето кое ја става стоката на увид наведе или царинскиот службеник при контролата утврди кусок на стока, во резултатите од контрола се внесува шифрата В1 – „Големи неправилности" и не се дозолува излез на стоката од царинското подрачје се додека не се поднесе извозна декларација во која ќе биде вклучена само стоката која е ставена на увид во царинската испостава на излез. Статусот да декларацијата се менува во „Не е дозволен излез на стоката" кој е финален статус на декларцијата. Извозната декларација во која ќе биде вклучена само стоката која е ставена на увид се поднесува во царинската испостава на излез.

74. Доколку лицето кое ја става стоката на увид наведе или царинскиот службеник при контролата утврди вишок на стока, во резултатите од контрола се внесува шифрата В1 – „Големи неправилности" и не се дозволува излез на стоката од царинското подрачје се додека не се поднесе извозна декларација во која ќе биде вклучен и утврдениот вишок на стока, под услов вишокот на стока да не е предмет на царински прекршок за кој е предвидено задолжително одземање на стоката. Статусот да декларацијата се менува во „Не е дозволен излез на стоката" кој е финален статус на декларцијата. Извозната декларација во која ќе биде вклучен вишокот на стока се поднесува во царинската испостава на излез.

75. Доколку лицето кое ја става стоката на увид наведе или царинскиот службеник при контролата утврди дека стоката која што е ставена на увид се разликува од декларираната во резултатите од контрола се внесува шифрата В1 – „Големи неправилности" и не се дозволува излез на стоката од царинското подрачје се додека не се поднесе извозна декларација за стоката која е ставена на увид, под услов погрешното декларирање на стоката да не е предмет на царински прекршок за кој е предвидено задолжително одземање на стоката. Статусот да декларацијата се менува во „Не е дозволен излез на стоката" кој е финален статус на декларцијата. Извозната декларација за стоката која е ставена на увид се поднесува во царинската испостава на излез.

76. Царинската испостава на излез доколку истовремено не е и царинска испостава за извоз е должна да ја известува царинската испостава за извоз за резултатите од извршената контрола со доставување на пораката „Излезни резултати " (IE518) истиот ден, а најдоцна првиот работен ден откако стоката го напуштила царинскиото подрачје.

77. Доколку по пристигнување на стоката во царинската испостава на излез СОЦДАД не е достапен царинскиот службеник ја завршува постапката на основа на податоците од ИПД, ги евидентира резулатите од контролата во ИПД во делот – Контрола на излезен царински орган, одобрува излез на стоката од царинското подрачје и информациите за тоа ги внесува во СОЦДАД кога истиот ќе биде достапен.

### IV.3. Промена на царинската испоства на излез

78. Извозната постапка може да заврши во друга царинска испостава на излез. Бидејќи новата царинска испостава на излез нема примено „Запис за очекуван извоз" (IE501), царинскиот службеник од новата царинска испостава на излез, врз основа на поднесениот ИПД и РБД бара од царинската испостава за извоз,

доставување на податоци со испраќање на „Барање за запис за очекуван извоз" (IE502) со користење на акцијата – Регистрирај известување за пристигнување. По испраќање на пораката IE502, во новата царинска испостава на излез статусот на декларацијата е „Запис за очекуван извоз (AER) побаран".

79. Царинската испостава за извоз преку СОЦДАД автоматски испраќа „Одговор за очекуван извоз" (IE503). Доколку со оваа порака се одобрува промена на царинската испостава на излез истата во себе ги содржи и сите податоци од пораката „Запис за очекуван извоз" (IE501). Доколку се одобрува пренапатувањето царинската испостава за извоз автоматски ја известува и декларираната царинска испостава на излез дека извозната постапка е завршена во друга царинска испостава на излез, со испраќање на „Препратено известување за пристигнување" (IE524). Статусот на декларацијата во декларираната царинска испостава на излез се менува во „Пристигнато на друго место" кој што е финален статус на декларацијата.

80. Кога согласно податоците во царинската испостава за извоз движењето веќе е пристигнато во декларираната или друга царинска испостава на излез, не е пронајден РБД за кој е побарано пренапатување или РБД веќе е поништен или поради други причини не може да се прифати промена на царинската испостава на излез, новата царинска испостава на излез преку СОЦДАД автоматски е известена со „Одговор за очекуван извоз" (IE503), со укажување на причината за одбивањето.

81. Царинскиот службеник од новата царинска испостава на излез ја проверува состојбата на пломбите и одлучува за степенот на контрола, ги внесува резултатите од контролата во СОЦДАД и ги испраќа резултатите на царинската испостава за извоз на начин опишан во делот IV.2. од ова упатство.

## V. Излез на стока преку аеродроми

82. Доколку стоката треба да се стави на увид кај царинска испостава на излез која е надлежна за контрола на излез на стока преку меѓународен аеродром, економскиот оператор кој ја прифаќа стоката ја известува царинската испостава на излез за пристигнување на стоката со електронска порака (IE507). Во пораката се наведува дали пратката непосредно ќе излезе од царинското подрачје или пред излезот ќе биде ставена во постапка на складирање.

83. По прием на известувањето за пристигнување на стоката (IE507), царинскиот службеник во царинската испостава на излез, врз основа на резултатите од

извршената анализата на ризик добиени од Системот за анализа на ризик и други достапни информации, одлучува дали стоката ќе се пушти без контрола или ќе се врши контрола на стоката.

84. Доколку е донесена одлука стоката да не се контролира, царинската испостава на излез дозволува излез на стоката од царинското подрачје за што се известува економскиот оператор на излез со испраќање на пораката „Известување за пуштање на стоката на економскиот оператор" (IE525).

85. Доколку е донесена одлука за контрола истата се евидентира во системот за што се известува економскиот оператор на излез (IE561). По донесување на одлука за контрола, декларацијата во СОЦДАД автоматски преминува во статус „Постапка за контрола". Резултатите од извршената контрола се евидентираат во СОЦДАД.

86. По извршена контрола или по испраќање на известувањето за пуштање на стоката на економскиот оператор декларацијата го менува статусот во „Пуштено за непосреден излез". По евидентирањето на излезот, системот ги испраќа излезните резултатите (IE518) до царинската испостава за извоз најдоцна следниот работен ден по полетување на авионот во кој е натоварена стоката.

87. Во случај кога на излезот на стоката му претходи групирање на пратки кои ќе бидат извезени со авион, во некој од за тоа предвидени простори, улогата на економски оператор на излез и обрската за доставување на известувањето за пристигнување на стоката (IE507) во тие простории, ја презема лицето задолжено за прифаќање на пратките во складот.

88. Доколку во известувањето за пристигнување на стока (IE507) е наведено дека стоката пред излезот ќе биде складирана, по пуштањето на стоката на економскиот оператор по извршената контрола или по одлуката да не се врши контрола, декларација го менува статусот во „Стока за чување".

89. Економскиот оператор ја известува царинската испостава на излез за намерата дел или целата стоката опфатена со еден РБД од складот, сама или групирана со стока од други РБД, да ја утовари на авион со кој ќе го напушти царинското подрачје со испраќање на електронска порака – Манифест (IE547). Во оваа порака се наведуваат сите пратки кои излегуваат од складот со цел да го напуштат царинското подрачје. За секоја пратка се наведува дали излегува целата пратка или само дел од истата.

90. Пораката Манифест (IE547) се состои од листа на наименувања на манифестот, а секое наименување со однесува на една превозна исправа (таканаречена товарница). На секоја превозна исправа се наведува листата на стока која излегува и за секоја од нив напомена дали излегува целата пратка или само дел од истата. Економскиот оператор може да врши измени на поднесениот манифест, доколку манифестот се уште не е прифатен.

91. СОЦДАД го проверува доставениот манифест. Доколку манифестот е неисправен, системот го одбива и за истото го известува економскиот оператор (IE548). Доколку манифестот е исправен истиот се прифаќа и за истотото се известува економскиот оператор (IE548), а сите пратки наведени во манифестот се пуштаат во непосреден излез при што статусот на пратката се менува во „Стока за непосредно пуштање" или „Стока за непосредно пуштање (делумно)", во зависност од тоа дали пратката излегува целосно или само еден дел.

92. По добивање на известување за излез од страна на економскиот оператор за целосен излез, царинската испостава на излез ја известува царинската испостава за извоз со излезните резултати (IE518).

## VI. Извоз на пратки во повеќе делови

93. Стоката опфатена со една извозна декларација во случај на непредвидени околности може да го напушти царинското подрачје во повеќе пратки, преку една или преку повеќе царински испостави на излез.

94. Царинската испостава на излез ги испраќа излезните резултати (IE518) дури откако целокупната количина на стока наведена во ИПД ќе го напушти царинското подрачје.

95. Доколку стоката го напушта царинското подрачје преку повеќе царински испостави на излез, царинската испостава на излез во која пратката била прв пат поднесена ги презема излезните резултати од другите царински испостави на излез. Другите царински испостави на излез излезните резултати ги евидентираат на задната страна од копијата од ИПД која ја добиеле од царинската испостава за излез каде што пратката била прв пат поднесена. На задната страна на ИПД се запишуваат податоци за деловите од предметната пратка кои го напуштаат царинското подрачје преку предметната царинската испостава на излез, со наведување на видот и количината на стоката која излегува и ознаката „Делумен излез". Откако целата стока ќе излезе од царинското подрачје, царинската испостава на излез каде што пратката прв пат

била поднесена ги доставува излезните резултати до царинската испостава за извоз.

## VII. Известување на декларантот за излез на стоката

96. Царинската испостава за извоз го потврдува излезот на стоката од царинското подрачје на декларантот или извозникот во следниве случаи:
    - доколку царинската испостава за извоз од царинската испостава на излез добила известување за излез на стоката во форма на излезните резултати (IE518);
    - доколку царинската испостава за извоз истовремено е и царинска испостава на излез и ако стоката е излезена;
    - доколку царинската испостава смета дека доставените алтернативни докази се доволни.

97. Врз основа на добиените извозни резултати (IE518) од царинската испостава на излез и доколку во истите е наведена шифра за резултати од контрола од типот „А1 - Задоволително" и „А2 – Се смета за задоволително", царинската испостава за извоз автоматски го известува деклаpанатот за излез на стоката од царинското подрачје (IE599). Пораката IE599 има иста важност како и печатот кој се става на задната страна од листот број 3 од ЕЦД кој служи како доказ дека стоката ја поминала границата во случај на користење на резервна постапка.

## VIII. Завршување на извозна постапка

98. Доколку во рок од 90 дена од пуштањето на стоката за извоз, царинска испостава за извоз не добила порака „Излезни резултати" (IE518), царинската испостава за извоз ќе побара од извозникот или декларантот информација за датумот и царинската испостава преку која што стоката го напуштила царинското подрачје на Република Северна Македонија.

99. Во случаите кога извозникот или деклаpанатот не го примиле известувањето за излез на стоката од царинското подрачје (IE599), истите можат, по своја иницијатива или на барање добиено во согласност со точка 98 од ова Упатство, да ја информираат царинска испостава за извоз дека стоката го напуштила царинското подрачје на Република Северна Македонија, со означување на датумот и царинската испостава на излез преку која што стоката го напуштила царинското подрачје на Република Северна Македонија.

100. Врз основа на информацијата добиена од извозникот или декларантот, царинска испостава за извоз ќе ја побара пораката „излезни резултати" (IE518) од царинската испостава на излез. Царинската испостава на излез е должна да одговори во рок од 10 дена.

101. Доколку царинската испостава на излез не го потврдила излезот на стоката во рамките на временскиот рок од 10 дена, царинската испостава за извоз го информира извозникот или декларантот, кои што можат да достават докази дека стоката го напуштила царинското подрачје.

102. Доказите од точка 101 на ова Упатство може да се достават на еден од следните начини или како комбинација на истите:
- копија од испратница потпишана и заверена од примачот надвор од царинското подрачје на Република Северна Македонија;
- доказ за плаќање, фактура или испратница потпишана или заверена од економскиот оператор кој ја изнел стоката надвор од царинското подрачје на Република Северна Македонија;
- изјава потпишана или заверена од компанијата која ја изнела стоката надвор од царинското подрачје на Република Северна Македонија и
- документ заверен од царински орган на друга држава.

Царинската испостава за извоз ја информира царинската испостава на излез за прифаќањето на доказите од оваа точка.

103. Кога царинската испостава за извоз, по период од 150 дена од датумот на пуштањето на стоката за извоз, не добила ниту порака „излезни резултати" од царинската испостава на излез, ниту задоволителни докази во согласност со точка 102 од ова Упатство, се смета дека стоката не го напуштила царинското подрачје. Во ваков случај царинската испостава за извоз ја поништува извозната декларација и за истото го информира извозникот или декларантот и декларираната царинска испостава на излез.

## IX. Завршување на извозна постапка со ставања на стока во транзитна постапка

104. По завршување на извозот на барање на декларантот или на барање на царинскиот орган стоката може да се стави во транзитна постапка. Транзитната декларација може да се поднесе во царинската испостава за извоз во која била поднесена извозната декларација или во некоја друга царинска испостава. Во транзитната декларација задолжително треба да биде наведен РБД на

извозната декларација како претходен документи и да се внесе ознаката DG2 – Извоз.

105. По ставањето на стоката во транзитна постапка, појдовната испостава ја презема улогата на царинска испостава на излез и е должна да го евидентира завршувањето на извозната постапка настапувајќи во улога на царинска испостава на излез. Пред ставање на стоката во транзитна постапка појдовната испостава може да изврши преглед на стоката. Во ИПД се запишува референтиот број на транзитната декларација со која извозот бил завршен и истиот се задржува и архивира во појдовната испостава на начин наведен во точка 45 од ова Упатство.

106. Доколку извозната постапка завршува со ставање на стоката во транзитна постапка од страна на овластен испраќач, по пуштање на стоката во транзитна постапка овластениот испраќач е должен во ИПД да го запише референтниот број на транзитната декларација со која извозот бил завршен и истиот да го достави до надзорната појдовна царинска испостава. Надзорната појдовна царинска испостава го евидентира завршувањето на извозната постапка настапувајќи во улога на царинска испостава на излез.

## IX. Резервна постапка

107. Во случаите кога комјутерскиот систем на декларантот или пак системите на Царинска управа не се достапни, соодветно се применуваат одредбите од Упатството за спроведвување на транзитна постапка со примена на резервна постапка[3], со соодветни прилагодување во однос во однос на системот кој што се користи за обработка на царинските декрларации, улогата на царинските испостави, бројот на листовите од ЕЦД кои се користат во постапката, контролниците кои што се користат за евидентирање на започнување и завршување на постапката и слично.

108. Потврдувањето на излезот на стоката од царинското подрачје во случај на примена на резервна постапка се обезбедува преку извозна потврда внесена на задната страна на листот број 3 од ЕЦД. Доколку по завршување на извозот, стоката се превезува во транзитна постапка, доказот за извршен извоз се обезбедува преку извозна потврда внесена на задната страна од листот број три од ЕЦД од страна на надлежниот царински орган, по добивање на електронска

---

[3] Упатството за спроведвување на транзитна постапка со примена на резервна постапка како интерен акт е објавено во Депозитарот на документација на Царинската управа

порака со која се потврдува дека стоката го напуштила царинското подрачје или по примање на листот број 5 од ЕЦД-то за транзит од одредишната испостава.

## IX. Преодни одредби

109. До имплементирање на нова верзија на Модулот за извоз во СОЦДАД при поднесување на електронската извозна декларација и при спроведување на формалностите во царинската испостава за извоз треба да се постапува на следниов начин:

- За секое наименување во групата на податоци Приложени документи/потврди задолжително треба да се внесе податок за вредноста на стоката за соодветното наименување на стока. Податокот се внесува со употреба на шифрата INVA и вредност на стоката изразена во валутата наведена во фактурата и во групата на податоци – Податоци за трансакцијата, заокружена на две децимални места (На пр. за вредност на стока на ниво на наимување од 10.000 евра, во групата на податоци Претходни документи/потврди се запишува, шифрата „INVA“ за податокот „Вид на документ“ и се запишува вредноста 10000 за податокот „Повикување на документи“;
- Кон електронската извозна декларацијата задолжително се приложува податок за начинот на кој е пресметана статистичката вредност на стоката на ниво на наименување, изразена во денари во цел број, на паритет „испорачано на македонска граница“. За повторен извоз на стока која била увезена за облагородување, за секое наименување поединечно во пресметката треба да биде прикажана вкупната пресметана вредност на увезената стока, вредноста на услугите, вредноста на вградениот домашен материјал, како и вредноста на трошоците настанати на царинското подрачје на Република Северна Македонија;
- Доколку претходната постапка за стоката која е предмет на повторен извоз е евидентирана во АСИКУДА, во декларацијата за повторен извоз не се внесуваат податоци за претходен документи во групата на податоци – Повикување на претходни документи. Во ваков случај раздолжување на претходниот документ се врши рачно во АСИКУДА врз основа на податоците во декларацијата за повторен извоз и на податоците во приложените докуменити кон декларацијата;
- Во декларациите за повторен извоз не се внесуваат податоци за бројот на гаранција и висината на гарантиран износ за раздоложување. Раздолжувањето на гаранциите евидентирани во стариот Систем за упрвување со гаранции ќе се врши рачно во стариот систем, а

раздолжувањето на гаранциите кои се евидентирани во СОЦДАД се врши рачно во модулот за увоз во СОЦДАД;

- Извозната постапка со царинските декларација во форма на ЕЦД прифатени и регистрирани во АСИКУДА заклучно со 31.05.2019 година ќе се завршува во АСИКУДА и Бордер (утврдување на декларации и евидентирање на излез од царинското подрачје);
- Имателите на одобренија за поедноставена постапка за локално царинење при извоз се должни најдоцна до 31.05.2019 година во АСИКУДА да поднесат дополнителната декларација (EXZ) со која ќе бидат опфатени сите поденесени извозни декларации за поедноставена постапка (EXG) во претходниот период, независно од рокот наведен во одобрението.

## X. Завршни одредби

110. Ова Упатство го применуваат царинските службеници од царинската испостава за извоз, царинската испостава на излез, како и од Секторот за царински систем, Одделение за царински и даночни постапки и Одделение Дежурен царински центар.

111. Одговорен за предлагање на измени и дополнување на ова упатство е помошник директорот на Секторот за царински систем.

112. Секторот за царински систем, во соработка со Секторот за управување со човечки ресурси, е должен веднаш по неговото потпишување, ова Упатство да го направи достапно до сите вработени и во рок од 30 дена да одржи обука на определени лица од надлежните организациони единици.

113. Сите непосредни раководители се должни со одредбите на ова Упатство да ги запознаат вработените во организационата единица со која раководат.

114. Секое постапување спротивно на одредбите на ова упатство ќе биде предмет на утврдување на дисциплинска одговорност.

115. Секторот за царински систем е должен да го објави ова упатство на интранет страната на Царинската управа согласно Процедурата за депозитар на документација.

116. Со донесувањето на ова Упатство престанува да важи Упатството за постапка за извоз број 07-11219/1 од 09.11.2005 година.

117. Ова упатство стапува на сила на 01 јуни 2019 година.

директор
м-р Ѓоко Танасоски

Бр. 01–041728/19-0001
Скопје, 30-05-2019

Записи:

- 01.30.33.УП.005.01-ОБ.01.01 Известување за поднесена извозна декларација во СОЦДАД - Редовна постапка
- IE519: Извозен контролен протокол
- IE520: Извозен контролен протокол на излез

| | |
|---|---|
| Упатството го подготви: | Сектор за царински систем |
| Приматели: | Директор |
| | Заменик директор |
| | Советници на директорот |
| | Помошници директори на сектори |
| | Началници на независни одделенија |
| | Управници на царинарници |
| Примерок доставен за : | Интерна/екстерна употреба |
| Оригиналот се чува во: | Сектор за царински систем |
| | Архива |

# Известување за поднесена извозна декларација во СОЦДАД
## - Редовна постапка
(може да се употребува само кај царинската испостав за извоз)

| Декларант: (Назив и ЕДБ) |
|---|
| |

| ЛРБ: (Локален референтен број на извозната декларација) |
|---|
| |

| Идентитет на превозното средство: |
|---|
| |

| Број на пломби: (Овој дел се внесува рачно) |
|---|
| |

| Бар код: |
|---|
| |

.........................

Декларант

# IE519: ПРОТОКОЛ ЗА КОНТРОЛА - ИЗВОЗ НА ИЗВОЗНА ЦАРИНСКА ИСПОСТАВА

Декларација: Вид: EXMK

РБД:

Датум на

Датум на .................................... Одлука за контрола од: ....................................................................

Вид на контрола
- ◯ Документарна
- ◯ Физичка
  - ◯ податоци за контрола
  - ◯ делумна контрола
- ◯ Скенер
- ◯ Друго (да се наведе): ..................................................................................................

Контролирано од: ........................................................................................................ (име на службеник)

Извозник (2): (TIN и име)

Застапуван од: (име на застапник)

<u>Извозник (или застапник) кој присуствувал на контрола:</u> ◯ – <u>ДА</u> ◯ – <u>НЕ</u>

<u>Проверка на возило:</u>

| | | | |
|---|---|---|---|
| ◯ Идент. на трансп. ср-во | ◯ – Во ред | ◯ – Не е во ред | |
| ◯ Земја на трансп. ср-во | ◯ – Во ред | ◯ – Не е во ред | |
| ◯ Можно е да биде | ◯ – ДА | ◯ – НЕ | |
| ◯ Контејнер | ◯ – ДА | ◯ – НЕ | Број/ броеви.................. |

<u>Проверка на стока:</u>

| | | | |
|---|---|---|---|
| ◯ Вкупно пакувања (6): | ◯ – Во ред | ◯ – Не е во ред | ◯ – Не е можно да се утврди |
| ◯ Ознаки и броеви (31): | ◯ – Во ред | ◯ – Не е во ред | ◯ – Не е можно да се утврди |
| ◯ Бруто маса (35): | ◯ – Во ред | ◯ – Не е во ред | ◯ – Не е можно да се утврди |
| ◯ Тарифни ознаки | ◯ – Во ред | ◯ – Не е во ред | ◯ – Не е можно да се утврди |
| ◯ Износ на гаранција: | ......................... MKD | ◯ – <u>Обезбедено од</u> | ◯ – <u>Сопственик</u> |
| ◯ Опис на стока (31): | ........................................................................................................ | | |
| ◯ Земја на потекло (34) | | | |
| ◯ Мерки на трговска политика | | | |
| ◯ Друго (да се наведе): | | | |

<u>Резултати од контрола:</u>

◯ Задоволително (A1)

◯ Мали разлики (A4): ◯ – <u>Прифатено од</u> ◯ – <u>Одбиено од извозникот</u> ◯ – <u>Не е одлучено</u>

Опис на разлики:

..........................................................................................................................................

..........................................................................................................................................

..........................................................................................................................................

◯ Големи разлики (B1)

Опис на разлики:

..........................................................................................................................................

..........................................................................................................................................

..........................................................................................................................................

<u>Превземени мерки:</u> ◯ – ДА ◯ – НЕ ◯ – Ослободува

◯ Поставени пломби ..........................................

-Број на пломби ..........................................

-Идентитет на пломби ..........................................

| <u>Службеник/ци за</u> | <u>Извозник (застапник)</u> | <u>Регистрирано од</u> | <u>Печат</u> |
|---|---|---|---|
| Име/Имиња ......................... | .......................................... | .......................................... | |
| ........................................................ | | | |
| Датум: ......................... | .......................................... | .......................................... | |

# IE520: ПРОТОКОЛ ЗА КОНТРОЛА - ИЗВОЗ ЦАРИНСКИ ОРГАН НА ИЗЛЕЗ

Декларација: Вид: EXMK

РБД:

Датум на

Датум на ................................. Одлука за контрола од:.......................................................

Вид на контрола
- ○ Документарна
- ○ Физичка
  - ○ податоци за контрола
  - ○ делумна контрола
- ○ Скенер
- ○ Друго (да се наведе): ...........................................................................................

Контролирано од: ........................................................................................ (име на службеник)

Овластен примач (2): (TIN и име)

Застапуван од: ........................................................................................ (име на застапник)

Овластен примач (или застапник) кој присуствувал на ○ – ДА ○ – НЕ

Проверка на возило:

| | | |
|---|---|---|
| ○ Идент. на трансп. ср-во | ○ – Во ред | ○ – Не е во ред |
| ○ Земја на трансп. ср-во | ○ – Во ред | ○ – Не е во ред |
| ○ Пломби | ○ – ДА | ○ – НЕ |
| ○ Контејнер | ○ – ДА | ○ – НЕ |

Број/ броеви...................

Проверка на движење:

| | | |
|---|---|---|
| ○ Пренасочување (53) | ○ – ДА | ○ – НЕ |
| ○ Претовар(55) | ○ – ДА | ○ – НЕ |
| ○ Други инциденти (56) | ○ – ДА | ○ – НЕ |

Проверка на стока:

| | | | |
|---|---|---|---|
| ○ Вкупно пакувања (6): | ○ – Во ред | ○ – Не е во ред | ○ – Не е можно да се утврди |
| ○ Ознаки и броеви (31): | ○ – Во ред | ○ – Не е во ред | ○ – Не е можно да се утврди |
| ○ Бруто маса (35): | ○ – Во ред | ○ – Не е во ред | ○ – Не е можно да се утврди |
| ○ Тарифни ознаки | ○ – Во ред | ○ – Не е во ред | ○ – Не е можно да се утврди |

- ○ Опис на стока (31): ........................................................................................................
- ○ Земја на потекло (34)
- ○ Мерки на трговска
- ○ Друго (да се наведе):

Резултати од контрола:

- ○ Задоволително (A1)
- ○ Мали неправилности

  Опис на разлики:

  ..........................................................................................................................

  ..........................................................................................................................
- ○ Големи разлики (B1)

  Опис на разлики:

  ..........................................................................................................................

  ..........................................................................................................................

Превземени мерки:

○ Конфискувана стока

Приложено објаснување од возач

Приложено објаснување од доставувач

Примачот е подготвен да плати и дополнителни ○ – ДА ○ – НЕ ○ – Не е одлучено

Друго (да се наведе):

..........................................................................................................................

---

| Службеник/ци за | Овластен примач | Регистрирано од | Печат |
|---|---|---|---|
| Име/Имиња ............................ | ...................................... | ...................................... | |

...........................................

Датум: